Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год.
Потпис,

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

**Ип 1 бр. 57-58**
**Датум: 18.08.2023 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | |
| Одговорно лице на субјектот: | |
| Име и презиме, , физичко лице | Телефон Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 16.08.2023 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11.00 | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 18.08.2023 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 12.00 | |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Објект „Нова Македонија", службени простории на Сектор за управен и инспекциски надзор - Скопје | | | |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Приоритетна дејност на субјектот каде се врши надзорот | / |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „Св. Кирил и Методиј " бр. 54 – Скопје |

**3) Инспекциски надзор е извршен врз основа на:**

- Налогот Ип 1 бр. 57- 58 од 7.8.2023 г., издаден од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК – главен инспектор, а во врска со Иницијативата бр. 21-5774/1 од 23.5.2023 г., поднесена од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста во МК, со наводи во истата дека е потребно да се провери наменското трошење на преведените средства за проектот и да се утврди дали истиот е реализиран во 2021 година.

4) **Инспекцискиот надзор е извршен од**:

- [redacted] советник - инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура.

5) **Предмет на вонредниот инспекциски надзор**,

**Предмет:** инспекцискиот надзор е извршен од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, односно наменското користење на средствата, доделени од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура за учество во финансирање на проектот „Јубилеј 25 години на Сцена со [redacted] од национален интерес во културата од областа на Фолклорната и сценско-уметничка дејност, согласно со Договорот бр. 20-9447/1 од 22.7.2021 г., и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот/проектите до МК да биде доставен извештај за реализација, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец - Финансиски извештај за реализација на Проектот, достапен на веб-страницата на МК), договори, сметки, фактури, конечен финансиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, како и друга потребна документација (банкови изводи, фото и/или видео документација и слично).

**Основ:** член 82 став (1) и член 68 од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), и член 71 став (1) од **Законот за инспекциски надзор** („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019).

6) **Во извршувањето на овој инспекциски надзор:**

-Не се употребени листите за проверка, од причина што е вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, беше присутен субјектот на надзор:

| Име и презиме: | Телефон: | Е-пошта : |
|---|---|---|
| корисник | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не беа присутни други лица.

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните **наоди за утврдената фактичка состојба:**

-Видно од апликацијата/пријавата Уп 1 бр. 20-2688 од 12.11.2020 година, физичкото лице Корисник, конкурирал со Проектот „Јубилеј 25 години на сцена со ", со вкупно побаран буџет за истиот, во износ од 230.000 денари, од областа на Фолклорната и сценско уметничка дејност а со Решението за прифаќање на проектот Уп 1 бр. 20-2688/2020 од 23.2.2021 година, Проектот „Јубилеј 25 години на сцена со  бил избран како проект од национален интерес во културата за 2021 година и за истиот се доделени средства за истиот во износ од **100.000 денари.**

- Согласно со член 3 став (1) од Договорот според којшто, меѓудругото е предвидено преведувањето на финансиските средства од страна на МК да се врши во согласност со доставено писмено барање од страна на корисникот за исплата на средства, изјава за наменско користење на средствата и соодветни договори

(авторски и изведувачки), како и **оперативниот и финансиски план за реализација на проектот, односно за користење буџетски средства** пополнет на образецот објавен на веб-страната на МК, корисникот на 22.7.2021 г. до МК има доставено БАРАЊЕ за исплата на средства, заведено во МК под бр. 20-9412/1 , за исплата на аванс од одобрените средства, за реализација на проектот, во прилог со пополнет ОБРАЗЕЦ за оперативен и финансиски план од 21.7.2021 г., со којшто се предвидени следниве трошоци во вкупен износ од 100.000 денари и тоа (Хонорар за автор на проектот [redacted] (организатор и изведувач) 45.000 денари, хонорар за изведувач [redacted] 45.000 денари и Продукција 10.000 денари, и повторно барање за доисплата на одобрените средства заведено во МК под бр.21-127/1 од 3.1.2022 година.

- Во однос на обврската од **член 68 став (3) од Законот за културата** и член 5 став (1) од Договорот, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на Проектот (забелешка: според членот 3 став 1 од Договорот заклучно со 20.11.2021 г., а по исклучок доколку постојат објективни причини заклучно со 31.12.2021 г.), до МК да биде доставен **извештај за реализацијата на проектот**, кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец-Финансиски извештај за реализација на Проектот, достапен на веб-локацијата на МК), договори, сметки, фактури, банкови изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, утврдено е дека Корисникот до МК има доставено Наративен и финансиски извештај, со приемен штембил од МК бр.20-14190/1 од 13.12.2021 г., за реализација на Проектот „Јубилеј 25 години на сцена со [redacted] и [redacted]

**Користење на одобрените средства**

**(Програма – Фолклорна и сценско-уметничка дејност)**

Согласно со Годишниот договор бр. 20-9447/1 од 22.7.2021 г., за учество во финансирање на Годишната програма за работа од национален интерес во културата за 2021 г., од Буџетот на РСМ, преку МК на Корисникот биле одобрени 100.000 денари, а со Решение бр. 20-9447/2 од 3.8.2021 г., се преведени средства во вкупен износ од **70.000 денари (бруто),** преку Агенцијата за деловно посредување и застапување на авторските права „ВЕДА ДООЕЛ“ за Проектот „Јубилеј 25 години на сцена со [redacted]“ од кои **62.279 денари** (нето) се преведени на


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

19.8.2021 г. на трансакциската сметка на корисникот, додека **7.721 денари** се по основ персонален данок од доход и провизија.
МК на Корисникот нема доисплатено уште 30.000 денари согласно Договорот бр. 20-9447/1 од 22.7.2021 година.

Трошењето на преведените средства во износ од **62.279 денари (нето)**, се прикажани во следниот табеларен преглед:

| **Ред. бр.** | **Доверител** | **Намена** | **Износ** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | автор на проектот/организатор и изведувач | Хонорар за 1 лице | 32.279 | Трансакциска сметка на корисник |
| 2. | Хонорар за - изведувач | Хонорар за 1 лице | 30.000 | Исплатено на трансакциска сметка по ПП 30 налог за исплата од 12.11.2021 година видно од банковен извод од 2.12.2021 година |
| | **Вкупно: исплатени 62.279 денари (нето)** | | **62.279 денари** | |

При надзорот, е утврдено дека Корисникот, во целост го реализирал проектот „Јубилеј 25 години на сцена со во салата на НУ Албански театар за деца и млади во Скопје на 7.11.2021 година во 19 часот, за што при надзорот на инспекторот му беше презентиран склучен договор бр.03-379/1 од 4.11.2021 година со НУ Албански театар за деца и Млади за изнајмување на сала, и платена ф-ра бр.02/21 од 5.11.2021 година (банковен извод бр.5 од 15.12.2021 година) на НУ Албански театар за деца и Млади – Скопје за користење на сценска сала за проектот, (која според изјавата на корисникот ја платил од сопствени средства), како и флаер, покана и слики од реализацијата на Проектот.

При надзорот од страна на присутното лице – корисник по основ на ненамирени обврски за проектот согласно Образецот за оперативен и финансиски план се прикажани обврски во вкупен износ од 30.000 денари.

| **Ред. бр.** | **Доверител** | **Намена** | **Износ** |
|---|---|---|---|
| 1. | автор на проектот/организатор и изведувач | Доисплата на хонорар за 1 лице | 5.000 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | Хонорар за - изведувач | Доисплата за хонорар за 1 лице | 15.0000 денари |
| 3. | ДФВП „ОН СЕТ ПРОДАКШН“ од Скопје | За Продукција (снимање и фото) по повод 25 години јубилеј на | По ф-ра бр.11/21 од 7.11.2021 година во износ од 10.000 денари |
| | | **Вкупно:** | **30.000 денари** |

**Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, како и разговорот со присутното лице:**

**Утврдено е следново при надзорот:**

- Проектот „Јубилеј 25 години на сцена со од областа на Фолклорната и сценско - уметничка дејност е реализиран согласно со член 5 став (1) од Договорот со МК, а авансно преведените средства во износ од **62.279 денар (нето)** се потрошени наменски.

Оттука, имајќи предвид дека врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор не се констатирани неправилности од аспект на примена на Законот за култура, инспекторот ја запира постапката во согласност со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.

Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите за работа, Записникот е дополнително составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК во согласност со член 82 став (3) од истиот Закон.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен Корисникот, односно субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот: Присутното лице изјави дека нема забелешки по однос на Записникот.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | физичко лице корисник | Печат и потпис на инспекторот за култура: | |
| Датум: 23.08 | ________.2023 г. | Датум: | 18.8.2023 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk